## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРСТНАТА ТЕХНИКА - КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА ПИЈАНИСТИЧКАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА“ ОД М-Р АНГЕЛЕ МИХАЈЛОВСКИ, МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ШТИП

Врз основа на точка 4 од Правилата за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, („Универзитетски гласник“ бр. 23/2012), Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 4 ноември 2014 година, донесе Одлука за избор на рецензенти за издавање учебно помагало/скрипта со наслов „Прстната техника - клучен фактор за пијанистичката интерпретација“ од авторот доц. м-р Ангеле Михајловски по предметите Пијано 1 и Пијано 2. Избрана е Рецензентска комисија составена од следниве рецензенти:

– проф. д-р Татјана Џорлева, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Музичка академија;
– прод. д-р Емилија Потевска, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Музичка академија,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис за скрипта со наслов „Прстната техника - клучен фактор за пијанистичката интерпретација“ од авторот доц. м-р Ангеле Михајловски, наменет за студентите на прв циклус додипломски студии на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на Вокално-инструментален оддел.

По прегледот на ракописот, рецензентите на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија му го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за скриптата со наслов „**Прстната техника - клучен фактор за пијанистичката интерпретација**“ од авторот **доц. м-р Ангеле Михајловски** е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметите Пијано 1 и Пијано 2 кои се изучуваат на Вокално-инструменталниот оддел, насока Пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, прв циклус студии во прв и втор семестар, со фонд на часови 3+2+2 и број на кредити 8.

Содржината на овој ракопис е приспособена според пропишаната Наставна програма која е опфатена во репертоарот на композиции што се изведуваат по предметите Пијано 1 и Пијано 2 (прв и втор семестар на прв циклус студии). Во четирите поглавја детално се разработени поважните пијанистички проблематики кои најчесто се среќаваат во пијанистичката интерпретација и пракса. Во овој ракопис, авторот темелно го обработува процесот на сигурна и успешна интерпретација од менталната подготовка, теоретскиот пристап кон композициите, па сè до разрешувањето на најситните технички елементи.

Во првото поглавје авторот се осврнува на менталната контрола и процесот на свесност и концентрација во текот на вежбањето.

Во второто поглавје авторот ги демонстрира најчестите лоши навики при вежбањето на пијано, нивно соодветно отстранување, како постапките за стекнување на добри и позитивни навики.

Во третото поглавје се обработени постапките и различните начини на изучување на композицијата напамет.

Во четвртото поглавје особено внимание авторот посветува на прстната техника и нејзината рационална примена во изведувањето на композициите каде што разработува пијанистички проблематики од различен карактер, како што се: ротационото движење, скаличното движење, секвентно движење во разложени терци, како и наизменичното движење на мелодијата во двете раце.

Ракописот е стручно и научно конципиран и е напишан на разбирлив јазик за студентите по пијано на Музичката академија. Квалитетот, прегледноста и естетиката, како и голем број нотни илустрации даваат можност за успешно следење и практичното подготвување на студентот по предметите Пијано 1 и Пијано 2 на Вокално-инструменталниот оддел.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата го донесува следниов

## З А К Л У Ч О К

Предложениот ракопис претставува одлична основа за подготовка на студентите на Музичката академија за одговор на теоретските и практичните барања по предметот Пијано. Ракописот „Прстната техника - клучен фактор за пијанистичката интерпретација" од авторот доц. м-р Ангеле Михајловски е ракопис кој стручно и научно е соодветно конципиран. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план за предметите Пијано 1 и Пијано 2 на Музичката академија за студентите од Вокално-инструментален оддел.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта пропишана според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Прстната техника - клучен фактор за пијанистичката интерпретација" од авторот доц. м-р Ангеле Михајловски да биде објавена како скрипта за потребите на студентите на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Татјана Џорлева, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Потевска, с.р.**